УДК: 316.624.3-055.52:316.612-053.6]:303.62
*Психологија: наука и практика, Vol. IV (7-8), 2020*
Изворен научен труд

# ПЕРЦЕПЦИЈА НА РОДИТЕЛСКО ОТФРЛАЊЕ, ЕМПАТИЈА И РЕСПОНСИВНОСТ ВО КОМУНИКАЦИЈАТА КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

**Орхидеја Шурбановска**[1]
*Институт за психологија, Филозофски факултет,*
*Универзитет Св „Кирил и Методиј“ – Скопје*

**Кратка содржина**

Целта на овој труд беше да испита како родителското однесување (претставено преку перципирано отфрлање на мајката и перципирано отфрлање на таткото), и емпатијатата ја предвидуваат респонсивноста во комуникацијата кај адолесцентите. Беше претпоставено дека перципираното отфрлање на мајката и перципираното отфрлање на таткото ќе бидат подобри предиктори на респонсивноста од емпатијата. Податоците беа добиени на примерок од 105 адолесценти (47 од машки пол и 58 од женски пол) на возраст од 18 до 24 години. За прибирање на податоците беа зададени следниве мерни инструменти: Прашалник за родителско прифаќање/отфрлање -(PARQ), скала за респонсивност во комуникацијата („Opener“ Scale) и Торонто прашалникот за емпатија (TEQ). Наодите од применетата мултипла линеарна регресивна анализа покажаа дека перципираната отфрленост од таткото е посилен предиктор на респонсивноста во комуникацијата кај испитаните адолесценти, но дека и емпатијата значајно ја предвидува оваа варијабла. Резултатите се дискутирани во контекст на теоретските сознанија и досегашните емпириски наоди.

**Клучни зборови:** *перцепција на родителско отфрлање, респонсивност во комуникацијата, емпатија, адолесценти.*

[1] orhideja@fzf.ukim.edu.mk

Силната човекова потреба за поврзаност со другите игра суштинска улога во процесот на социјализација. Таа започнува уште од најраната возраст на човекот, во врската родител - дете, кога родителот го заштитува, се грижи, покажува емоции и топлина кон своите деца. Родителите претставуваат примарни фактори на социјализацијата на детето. Може да се каже дека семејството претставува прв социјален свет на детето во кој се создаваат верувања што понатаму го диктираат курсот на другите социјални интеракции, првенствено врсничките, а подоцна и партнерските врски. Тие интеракции во својата наједноставна форма вклучуваат емоционална поврзаност помеѓу двајца или повеќе луѓе, што се нарекува пријателство. Тие врски првично се формираат со вербална комуникација помеѓу индивидуите, што претставува витален дел на создавање блиски односи и силно се инволвирани во развој на интимноста помеѓу пријателите, што вклучува споделување на верувањата, вредностите и личните искуства. Во таа насока луѓето се разликуваат во способноста да ги поттикнат другите во себеотворање, што во трудот е претставена како респонсивност на индивидуата. Развивањето на социјалната компетенција преку комуникацијата како и преку довербата и интимноста ги поттикнува емпатијата, сожалувањето и верноста (Erwin, 1999, според Miller et al., 2007). Имено, за создавање блискост со друго лице, потребна е емпатија, која стои во основа на социјалните вештини на индивидуата, односно во способноста за стекнување пријателства. Се тврди дека привлечноста меѓу луѓето се јавува како резултат на споделување, соработништвото, помагањето и љубезност (Hartup & Lieshout, 1995), но и на способноста за респонсивност во комуникацијата, т.н. „отворачи“ во комуникацијата.

**Родителското прифаќање/отфрлање**

Една од најновите теории за родителство е ПАРТ теоријата (Parental Acceptance and Rejection Theory) на психологот Роналд Рохнер (Rohner, 1984) која го објаснува родителското однесување во вид на прифаќање и отфрлање перципирано од детето или од адолесцентот. Теоријата е базирана на податоци од конкретни случаи и е насочена кон тоа да ги предвиди и да ги објасни корелатите на родителското прифаќање и отфрлање. Теоријата го објаснува родителското однесување преку димензијата родителска топлина која е биполарна димензија. Еден крај на континуумот е обележан како родителско прифаќање, кое се однесува на топлината, емоционалноста, грижата, удобноста, загриженоста, поддршката или едноставно љубовта што децата може да ја доживеат од родителите. Другиот крај на континуумот го претставува отфрлањето, што

се однесува на отсуствување или значително повлекување на овие чувства и однесувања, и изразување различни физички или психички повредувачки однесувања и влијанија. Топлината како димензија е тесно поврзана со афективната врска меѓу родителите и децата, како и со физичките и вербалните однесувања што родителите ги користат за да ги изразат тие чувства. Однесувањето на родителот се проценува од страна на детето, односно како детето ја доживува или ја перципира родителската топлина. Истражувањата откриваат дека родителското отфрлање може да се доживее од која било комбинација на четири главни експресии: 1. ладни и неемоционални (недостиг на родителска топлина), 2. непријателски и агресивни, 3. рамнодушни и запоставувачки, 4. неиздиференцирано отфрлање. Неиздиференцираното отфрлање се однесува на верувањето на детето дека родителите вистински не се грижат за нив, дури и кога нема јасни бихевиорални индикатори дека родителите ги запоставуваат, но дека имаат недостиг на родителска топлина или се агресивни кон нив (Rohner, 1984). Генерално, родителското отфрлање или прифаќање е одредено со отсуство или со присуство на родителска топлина.

Истражувањата за поврзаноста на родителското однесување со одредени особини и однесувања на детето се вршени во минатото, но и заради постојаната актуелност за развојот на личноста на детето, сè уште се истражува во тоа поле. Така Саведра (Saavedra, 1980) го проучувал односот помеѓу перципираното родителско прифаќање или отфрлање со самопроценувањето како емоционална евалуација за себе и за самосоодветноста на детето. Поврзано со ова, во истражувањето на Саведра се добиени наоди кои укажуваат на тоа дека самодовербата на адолесцентите е во непосреден однос со перципираната топлина од мајката и таткото, но дека заедничките ефекти на високата родителска топлина во интеракција со умерена родителска контрола (за разлика од екстремна пермисивност или рестриктивна контрола) го зголемува нивото на самопочитување кај адолесцентот. Треба да се истакне дека во оваа теорија љубовта од таткото е исто толку силно влијателна како и љубовта од мајката во развојот на бихевиоралните и психолошките проблеми, како и во развојот на чувството на здравје и добросостојба.

### Респонсивност во комуникацијата

Процесот на откривање лични информации на некој друг се нарекува себе-откривање. Тоа е една од карактеристиките на дефинирањето на интимноста во односите помеѓу луѓето. Поточно, кога двајца луѓе ги споделуваат своите лични, релативно доверливи информации еден на друг, значи дека се блиски

или интимни пријатели (Miller et al., 2007). Најчесто меѓучовечките односи започнуваат со размена на површни информации „краток разговор", а подоцна може да се развијат во блиски пријателски врски. Начинот на кој тоа се случува се проучува во *теорија на социјална пенетрација* која постулира дека развојот на односот станува поблизок кога има систематска размена на комуникација (Alman & Tailor, 1973). Луѓето кои само што се запознале се чувствуваат слободни да кажат само неколку површни информации. Но ако таа површна конверзација е исполнета со позитивни емоции, тие ќе станат поблиски со развивање на два аспекти на нивната комуникација: во *широчина*, односно разговор на различни теми и дискусии и *длабочина,* т.е. разговор на теми кои се значајни за лицето, односно, лични. Широчината и длабочината на темите во комуникацијата не се менуваат со исто темпо. Широчината обично се развива побрзо отколку длабочината, на почетокот на врската. Но понатака, интимното себеотворање се развива побрзо, а широчината станува подлабока (Hornstein & Truesdell, 1988, според Miller, et al., 2007).

Од друга страна, луѓето кои имаат способност да го поттикнат соговорникотот на отвореност во комуникацијата преку манифестирање внимателност и активно слушање на соговорникот и преку јасно, отворено и грижливо реагирање кон него, се вели дека покажуваат респонсивност во комуникацијата. Со други зборови, оние кои се респонсивни, покажуваат дека им е пријатно во конверзацијата, повеќе климаат со главата, ги гледаат луѓето во очи со внимание и заинтересираност и покажуваат поголем интерес и грижа за тоа што другите кажуваат. На пример, кажуваат колку уживаат во конверзацијата и дека слушаат што другиот зборува. Генерално, жените се пореспонсивни во комуникацијата отколку мажите. Оваа појава ја испитувале Милер, Берг и Арчер (Miller, Berg & Archer, 1983, според Miller et al., 2007) кои воедно конструирале скала на респонсивност. Кај адолесцентите потребата за интимност и разговор преку самооткривање е високоизразена (Berndt & Savin-Williams, 1989; Sharabany, 1994; Youniss & Smollar, 1985), заради тоа оваа способност е од голема важност во создавање блиски другарски врски.

**Родителите и емпатијата**

Емпатијата е способност на човекот да го чувствува или замисли емоционалното доживување на другото лице (McDonald & Messinger, 2011). Способноста за емпатија е важен дел од социјалниот и од емоционалниот развој, којшто влијае на однесувањето на поединецот кон другите и на квалитетот на општествените односи. Но, се наметнува прашањето дали емпатијата е вродена способност или се учи со текот на годините. Раните теоретичари сметале дека малите деца

се премногу егоцентрични или когнитивно неспособни да доживеат емпатија (McDonald & Messinger, 2011). Сепак, мноштво студии даваат докази дека децата, всушност, може да прикажат спектар на прилично софистицирани однесувања поврзани со емпатијата (Grossman, 2018) како што е просоцијалното однесување уште од раната фаза во развојот на детето. Емпатијата во голема мера е обележана или кореспондира со социјабилноста на луѓето, особено кај децата и адолесцентите, а исто така се вели дека е клучна за развојот на социјалната компетентност и го подобрува квалитетот на значајните односи. Јунис и Смолар (Youniss & Smollar, 1985) тврдат дека емпатичните адолесценти повеќе ги избираат за најдобри пријатели. Луѓето кои во периодот на детството и адолесценцијата покажувале повисоко ниво на емпатичност, најчесто биле поемпатични и во подоцнежниот живот. Дефицитите во емпатичниот капацитет не само што може да го намалат просоцијалното реагирање, туку, исто така, може да го направат поверојатно антисоцијалното однесување. Де Вал (De Waal, 2008) тврди дека диспозициската емпатија и алтруизмот, се поврзани со повисоки нивоа на вештини за разрешување конфликти кај адолесцентите, што е уште еден важен фактор за одржување значајни врски. Џоиреман и соработниците (Joireman, et al., 2002) тврдат дека емпатичната грижа и заземањето туѓа перспектива се поврзани со димензиите на приврзаност, доверба и удобност во меѓучовечката блискост, особено во романтичните односи на возрасните.

Земајќи ги предвид погоренаведените теории и истражувања, целта на овој труд беше да испита како родителското однесување (претставено преку две димензии - перципирано отфрлање од мајката и перципирано отфрлање од таткото), и емпатијата ја предвидуваат респонсивноста во комуникацијата кај адолесцентите. Беше претпоставено дека перципирано отфрлање од мајката и перципирано отфрлање од таткото ќе бидат подобри предиктори на респонсивноста (со негативна насока во предвидувањето) отколку емпатијата (предвидување во позитивна насока).

## Метод

### *Испитаници и постапка*

Примерокот го сочинува 105 адолесценти (47 машки и 58 женски) на возраст од 18 до 24 години. Испитаниците одговараа на прашалниците зададени онлајн, коишто беа креирани за потребите на истражувањето. Им беше објаснето дека ќе пополнуваат три прашалници обележувајќи го својот степен на согласување со тврдењата во нив, притоа напоменувајќи им дека одговарањето е анонимно и доброволно и дека нема точни и неточни одговори. Истражувањето беше спроведено од јануари до април 2019 година.

*Мерни инструменти*

За мерење на перцепцијата на родителското отфрлање беше применет *Прашалник за родителско прифаќање/отфрлање* (Parental Acceptance/Rejection Questionnaire – PARQ) од авторот Роналд Рохнер (1984). Прашалникот е наменет за самопроценка на доживеаното родителско (од мајката и од таткото) прифаќање или отфрлање. Содржи четири скали: 1. Емоционална топлина (или студено однесување и недостаток на емоции); 2. Непријателство и агресија; 3. Незаинтересираност и занемарување; и 4. Неиздиференцирано отфрлање. Испитаниците одговараат на четиристепена Ликертова скала: од (4) „речиси секогаш вистинито“ до (1) „речиси никогаш вистинито“. Користена е кратката форма на прашалникот која содржи 24 тврдења, од кои 8 се за скалата на емоционална топлина, 6 за непријателство и агресија, 6 за незаинтересираност и запоставување и 4 за неиздиференцирано отфрлање. Треба да се напомене дека вкупниот скор се добива така што одговорите на скалата за топлина инверзно се оценуваат и се собираат со скоровите од другите три скали и го покажува перципираното или запомнетото родителско однесување во вид на отфрлање во детството. Минималниот скор на целата скала изнесува 24, додека максималниот 96. Релијабилноста на оригиналната скала изнесува Cronbach,s Alpha = 0,91, додека на примерокот е 0,87.

Респонсивноста во комуникацијата беше проценета со скалата за респонсивност во комуникација („Opener“ scale) од авторите Милер, Берг и Арчер (Miller, Berg & Archer, 1983, според Miller et al., 2007). Повисокиот скор на скалата покажува дека лицето преку начинот на комуникација може да го поттикне соговорникот да се отвори и да сподели повеќе лични информации. Содржи 10 искази. Испитаниците одговораат на петтостепена Ликертова скала, од 1 – сосема не се согласувам, до 5 сосема се согласувам. Минималниот скор на прашалникот изнесува 10, а максималниот 50. Вредноста на алфа-коефициентот пресметан од податоците во ова истражување изнесува 0,83.

За мерење на емпатијата на адолесцентите се користеше *Торонто прашалник за емпатија* (Toronto Empathy Questionnaire – TEQ) конструиран од Спренг, МекКинон, Мар и Левајн (Spreng, McKinnon, Mar, & Levine, 2009). Прашалникот ги проценува бихевиоралните, емоционалните, когнитивните и физиолошките аспекти на емпатијата. Се состои од 16 ајтеми, а се одговара на Ликертова скала која се движи од 0 - никогаш, до 4 – секогаш се однесува на мене. Вкупниот скор може да изнесува од 0 до 64. Повисоките скорови индицираат повисоко ниво на емпатија. Алфа- коефициентот на оригиналната скала изнесува 0,81, додека во ова истражување беше добиено дека изнесува 0,72.

**Резултати**

Во табела 1 се презентирани основните дескриптивни статистики на варијаблите во истражувањето. Ако како референтна рамка се користат минималниот и максималниот скор добиени на прашалникот за мерење на родителските стилови, тогаш може да се види дека испитаните адолеценти го перципираат однесувањето на мајката како помалку отфрлувачко. Истиот заклучок се однесува и на отфрлувачкото однесување на таткото коешто е оценето малку пониско од она на мајката. Тоа значи дека испитаните адолесценти покажуваат тенденција да ги перципираат родителите како топли, помалку агресивни, помалку занемарувачки и со помало неиздиференцирано отфрлање. Според дадените резултати, респонсивноста во комуникацијата, ја оценуваат како просечна, додека во поглед на емпатијата испитаниците се проценуваат релативно високо. Добиените мерки за дистрибуцијата на испитуваните варијабли се во прифатливи граници од +1 до -1 (Hair et al., 2014).

**Табела 1.** Дескриптивни статистици за варијаблите во истражувањето (N = 105)

| | M | SD | Мин. | Макс. | Skewness | Kurtosis |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Перципирано отфрлање од мајка | 54.07 | 25.12 | 24 | 96 | 0.40 | -1.44 |
| Перципирано отфрлање од татко | 51.96 | 23.22 | 23 | 92 | 0.37 | -1.37 |
| Респонзивност во комуникација | 38.31 | 7.066 | 20 | 50 | -0.34 | 0.72 |
| Емпатија | 52.70 | 6.683 | 30 | 63 | -1.01 | 0.77 |

За тестирање на поставените хипотези беше применета мултипла линеарна регресивна анализа. Перципираното отфрлање од страна на мајката, перципираното отфрлање од страна на таткото и емпатијата беа анализирани како предикторски варијабли, додека респонсивноста во комуникацијата - како критериумска варијабла. При проверка на предусловите за примена на оваа статистичка постапка, се доби дека колинеарноста помеѓу варијаблите перципирано отфрлање од страна на мајката и перципирано отфрлање од страна на таткото има гранични вредности на еден од показателите (tolerance = 0.39 и .40, соодветно). Другиот показател, факторот на инфлација на варијансата, имаше прифатливи вредности (VIF = 2,5). Според тоа, варијаблата перципирано отфрлање од страна на мајката беше испуштена од понатамошната анализа. Дистрибуцијата на резидуалите и нивното варирање (хомосцедастичност) упатија на исполнетост на овие предуслови.

Како што може да се види од табела 2, регресивниот модел (перципираното отфрлање на таткото и емпатијата) значајно предвидува 29,4 % во варијансата на критериумската варијабла респонсивност во комуникацијата ($F(2, 102) = 21{,}20$, $p < .001$).

**Табела 2.** Резултати од применетата линеарна регресивна анализа: предиктори - перцепција на отфрлање од таткото и емпатија; критериумска варијабла – респонсивност во комуникацијата

| | B | ß | t | R | $R^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| Перципирано отфрлање од татко | -.136 | -.45 | -5.30*** | .54 | .28 |
| Емпатија | .258 | .24 | 2.89** | | |

***$p < 0.001$, **$p < 0.01$

Стандардизираните регресивни коефициенти покажуваат дека перципираното отфрлање на таткото е значаен и силен предиктор на респонсивноста во комуникацијата ($\beta = -.45$, $p < .001$) што значи дека испитаните адолесценти кои отфлањето од страна на таткото го оценуваат како поизразено, имаат помала респонсивност. Емпатијата, исто така, значајно и позитивно ја предвидува респонсивноста ($\beta = .24$, $p < .01$), но нејзината предиктивна моќ, како што е добиено, е видливо помала Може да се заклучи дека со зголемување на емпатијата, се зголемува и респонсивноста во комуникацијата.

## Дискусија

Во овој труд се испитуваше како перципирано отфрлање од родителите и емпатијата ја предвидуваат респонсивноста во комуникацијата кај адолесцентите. Како теоретска рамка се користеше теоријата на родителско прифаќање и отфрлање од авторот Роналд Рохнер (Rohner, 1984), потоа теорија на социјална пенетрација (Alman & Tailor, 1973) и теоријата за емпатија (McDonald & Messinger, 2011).

Првично дефинираниот регресивен модел во истражувањето ги вклучи двете димензии на родителското однесување, т.е. однесувањето на двајцата родители. Високата колинеарност на димензијата перципираното отфрлање на таткото со димензијата перципирано отфлање од мајката којашто се доби подразбира дека тие високо/многу силно корелираат, односно дека адолесцентите ги оценуваат на многу сличен начин двајцата родители во поглед на однесувањето изразено како прифаќање или отфрлање. Следствено, улогата на однесувањето на мајката како предиктор во конкретниот регресивен модел беше целосно објаснето преку однесувањето на таткото и затоа, таа не беше вклучена во понатамошната анализа. Добиените резултати потврдија дека

перципираното отфрлање од таткото и емпатијата значајно ја предвидуваат респонсивноста во комуникацијата кај адолесцентите. Притоа, се доби дека перципираното отфрлање на таткото е посилен предиктор придонесувајќи кон објаснување на високи 24 % од варијансата на критериумската варијабла од емпатијата. Процентот на споделена варијанса на емаптијата со респонсивноста изнесуваше 5,8 %. Поголеми поттикнувачи, подобри и повнимателни слушатели кои покажуваат интерес за соговорникот во комуникацијата се оние млади кои го доживуваат таткото помалку отфрлувачки, односно со поголема топлина, помала агресивност, помало запоставување и неиздиференцирано отфрлање, како и оние кои се поемпатични. Многу истражувања и теории упатуваат на улогата на родителите во односите на адолесцентот со врсниците и општеството воопшто (Bukowski et al., 1996). Тоа се случува на начин со кој родителите одговараат на емоционалните вознемирености на детето, односно кога покажуваат грижа, топлина и љубов. Родителите кои реагираат со сензитивност на вознемиреноста на нивните деца (респонсивност) со модел на емпатија и сочувство, тие деца се повеќе наклонети да го имитираат тоа однесување во интеракцијата со другите (Grusec & Hastings, 2007). Заинтересираноста за тоа што им го кажува детето, родителите ја покажуваат со климање со главата, гледање во очи, покажување удобност во разговорот. Со други зборови, реагирањата со заинтересираност и внимание кон детските негативни емоции и проблеми и начинот на конверзација на родителот со детето, развива исто таква топлина, нежност, љубезност во разговорот на детето и на адолесцентот со соговорникот.

Всушност, во истражувањето се добија резултати кои укажуваат на важноста на улогата на таткото во развивањето на способноста респонсивност во комуникацијата. Најчесто, кога се зборува за родителството тоа се изедначува со мајчинството, а улогата на таткото е по малку занемарена. Сепак, повеќе студии покажуваат дека искуството на детето со таткото го подобрува интелектуалниот, но и социјалниот развој на детето без разлика на полот (Pederson at al., 1979, според Kapor-Stanulović, 1985). Таткото си игра со децата, разговара, ги пофалува или ги критикува. Ако мајката дава поголема вербална стимулација, таткото придонесува во разновидноста и необичноста на игрите со кои ги ангажира и стимулира децата. Така ги развива социјалните вештини кај детето, како способност за подобра комуникација, доверливост, љубезност. Таткото може со иста топлина, внимание и грижа да го одгледува детето. И ова истражување покажа дека придонесот на таткото е многу специфичен и различен од оној што го дава мајката, особено во способноста на адолесцене-

тот да го поттикне соговорникот на себеоткривање, и заслужува исто толкаво внимание во истражувањата колку и придонесот на мајката.

Што се оденсува до улогата на емпатијата во предвидувањето на респонсивноста во комуникацијата, произлегува дека емпатичните индивидуи веројатно имаат способност да го поттикнат соговорникот во поинтимен разговор, покажувајќи интерес и сочувствување за она што говори. Овој наод оди во прилог на истражувањето на Ајзенберг и Милер (Eisenberg & Miller, 1987) каде се добило дека повисоките нивоа на емпатија кај децата биле поврзани со поголема општествена компетентност во однесувањето. Други истражувачи, откриле дека децата со поголема емпатија за позитивни и негативни емоции се поасертивни кон другите, подоверливи во комуникацијата и генерално општествено покомпетентни (Saliquist, et al., 2009).

**Литература**


Altman, I., & Taylor, D.A. (1973). *Social penetration: The development of interpersonal relationships*. Holt, Rinehart & Winston.

Bukowski, W.M., Newcomb, A.F., & Hartup, W.W. (1996). *The company they keep: Friendship in childhood and adolescence*. Cambridge University Press.

De Waal, F.B.M. (2008). Putting the altruism back into altruism: The evolution of empathy. *Annual Review of Psychology*, 59, 279-300.

Eisenberg, N., & Miller, P.A. (1987). The relation of empathy to prosocial and related behaviors. *Psychological Bulletin, 101*(1), 91–119. https://doi.org/10.1037/0033-2909.101.1.91

Grossman T. (2018). How to build a helpful baby: a look at the roots of prosociality in infancy. *Current Opinion in Psychology*, 20, 21-24.

Grusec, J. E., & Hastings, P. D. (Eds.). (2007). *Handbook of socialization: Theory and*

*research*. The Guilford Press.

Hair, J.B., Black, W.C., Babin, B.J., Anderson, R.E. (2014). *Multivariate Data Analysis* (7th ed.). Pearson.

Hartup, W. W., Lieshout, C. (1995). Personality development in social context. *Annual Review Psychology*, 46, 655–687.

Joireman, J.A, Needham, T.L., & Cummings A. (2002). Relationships between dimensions of attachment and empathy. *North America Journal of Psychology*, *4*(1), 63-80.

Kapor-Stanulović, N. (1985). *Psihologija roditeljstva*. Nolit

McDonald, N.M.,& Messinger, D.,S. (2011). The development of empathy: How, When, and Why. Bo: Acerbi, A., Sanguinet, L.J.A., (Eds). *Free will, Emotions, and Moral Actions. Philosophy and Neuroscience in Dialogue*. Pontificia Università de la Santa Croce.

Miller, R.S., Perlman, D., & Brehm, S.S. (2007). *Intimate relationship*. New York, Mc Grow –Hill.

Rohner, R.P. (1984). *Handbook for the study of parental acceptance and rejection*. The University of Connecticut.

Rothbart, M.K, Ahadi, S.A., & Hershey K.L. (1994). Temperament and social behavior in Childhood. *Merrill-Palmer Quarterly, 40*(1), 21-39.

Saavedra, J.M. (1980). Effects of perceived parental warmth and control on the self-evaluation of Puerto Rican adolescent males. *Behaviour Science Research*,15, 41-53.

Saliquist, J.N., Eisenberg, T.L., Spinrad, N.D., Eggum, & B.M., Gaertner, B.M. (2009). Assessment of preschoolers' positive empathy: Concurrent and

longitudinal relations with positive emotion, social competence, and sympathy. *The Journal of Positive Psychology, 4*(3), 223-233.

Spreng, R.N., McKinnon, M.C., Mar, R.A., & Levine, B. (2009) The Toronto Empathy Questionnaire: scale development and initial validation of a factor-analytic solution to multiple empathy measures. *Journal of Personality Assessment, 91*(1), 62-71.

Youniss, J., & Smollar, J. (1985). *Adolescent Relationships with Mothers, Fathers and Friends*. University of Chicago Press.

# PERCEIVED PARENTAL REJECTION, EMPATHY AND RESPONSIVENESS IN COMMUNICATION AMONG ADOLESCENTS

**Orhideja Shurbanovska**

## Abstract

The aim of this paper was to examine perceived parental behavior (represented by perceived mother's rejection and perceived father's rejection), and empathy as predictors of the responsiveness in communication among adolescents. It was assumed that the perceived mother's rejection and the perceived father's rejection would be stronger predictors of the responsiveness than empathy. The sample consisted of 105 adolescents (47 males and 58 females) aged from 18 to 24 years. The following measures were applied for data collection: Parental Acceptance / Rejection Questionnaire (PARQ), Opener Scale and Toronto Empathy Questionnaire (TEQ). The findings from the applied multiple linear regression analysis showed that the perceived father's rejection is a stronger predictor of the responsiveness in communication among the study participants, but that empathy also significantly predicts this variable. The results are discussed in the context of theoretical knowledge and existing empirical findings.

**Keywords:** *perceived parental rejection, responsiveness in communication, empathy, adolescents*